Изработила: ______________________________________, училиште_______________________________

| Почеток на неделата: датум:<br>број на час: 6 | Тема: Реални броеви<br>Наставна единица: Деливост на природни броеви. Прости и сложени броеви | Клас |
|---|---|---|

| Време | Цели на учење | Критериуми за успех | Активности – Опис | Активности – Форми и техники | Ресурси | Доказ за постигнување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 мин | - да дефинира прости и заемно прости броеви<br>- да разложува сложени броеви на производ од прости множители<br>- да решава проблеми од деливост на природни броеви. Одредува НЗС и НЗД<br>- развивање на логичкото мислење и заклучување<br>- споредување и идентификување<br>- стекнување навики за упорност, точност и уредност во работата | Ученикот треба да<br>- дефинира прости и заемно прости броеви<br>- разложува сложени броеви на производ од прости множители<br>- решава проблеми од деливост на природни броеви. Одредува НЗС и НЗД<br>- развивање на логичкото мислење и заклучување<br>- споредување и идентификување<br>- стекнување навики за упорност, точност и уредност во работата | Наставникот задава активности за повторување на наученото за признаци за деливост, наоѓање содржатели и делители на број.<br>Пример:Во парови, учениците влечат две карти со цифра по случаен избор и го составуваат најголемиот број што можат, а потоа ги набројуваат сите делители. Како сте сигурни дека сте ги нашле сите можни делители? | П<br>Знам сакам да научам | Однапред подготвени карти со цифри | Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| 25 мин | | | Да се потсетиме на дефиницијата за "најголем заеднички делител (НЗД)" и "најмал заеднички содржател (НЗС)" бараjќи: Кој е најголем заеднички делител на 24 и 36? Како знаеш? Воведете начин на користење на множители за да се најде на НЗД, односно НЗС, на пример, 24= 2 ·2 ·2 ·3 36 =2 ·2 ·3 ·3<br>НЗД (24, 36)=2 ·2 ·3=12<br>НЗС (24, 36)=2 ·2 ·2 ·3 ·3=72<br>Наставникот задава задачи за деливост на природните броеви. Одредување НЗД и НЗС на два и повеќе природни броеви | З<br>Бура на идеи<br>П<br>Знам сакам да научам | Однапред подготвени задачи | Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| 05 мин | | | Кој број е прост број ? Наброј ги простите броеви до 100 (Ерастеново сито) | П<br>Знам сакам да научам | Табела од 1 до 100 | Набљудување, прашања, одговор |

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Учениците преку активност, во парови, со извлекување на две цифри формираат најголем број, вршат повторување за признаците за деливост, како и | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**:<br>Докажи дека за секој $n \in \mathbb{N}$ : а) $7 \mid 2^n + 2^{n+1} + 2^{n+2}$ б) $13 \mid 3^n + 3^{n+1} + 3^{n+2}$ | Деливост, содржатели, делители, НЗД, |

didactanova
obrazovanie.literatura.mk

| | | |
|---|---|---|
| одредување на делители и содржатели на формираниот број. Во вториот дел наствникот задава задачи за деливост и одредување на НЗД и НЗС | **Домашна работа**:<br>Задачи од учебник стр. Зад | НЗС |